**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје** | тел.**02/3218 130** факс.**02/3218 131 | contact@ssrm.mk**
**Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup** | tel.**02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk**

__________

__________
**СКОПЈЕ**

Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по Извештајот за констатирана состојба бр. од 30.10.2024 година по Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на Ј.А.Б., Р.Г. и Н.С.Д. судии на АС С., врз основа на член 69 став 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија ("Службен весник на РСМ" бр.102/19) на седницата одржана на ден 06.11.2024 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ЗАПИРА постапката по Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на Ј.А.Б., Р.Г. и Н.С.Д. судии на АС С. под бр. од 19.03.2024 година поднесено од страна на Т.Д. К. ДООЕЛ увоз- извоз И. преку полномошник А.Д., адвокат од С.

## О б р а з л о ж е н и е

До Судскиот совет на Република Северна Македонија согласно член 62 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија од страна на Т.Д. К. ДООЕЛ увоз- извоз И. преку полномошник А.Д., адвокат од С. поднесено е Барање за поведување на постапка за утврдување на одговорност на Ј.А.Б., Р.Г. и Н.С.Д. судии на АС С. под бр. од 19.03.2024 година затоа што нестручно и несовесно ја вршеле судиската функција кога сториле повреда "намерно и неоправдано направена крупна професионална грешка при што различно толкување на правото и фактите неможе да претставува основ за утврдување на одговорност на судијата " според член 76 став 1 алинеја 7 од Законот за судовите па се предлага Судскиот совет да донесе одлука согласно член 74 став 1 алинеја 2 со основано сомнение за извршено кривично дело

злоупотреба на службена положба и овластување и нанесена штета на подносителот на барањето. Кон барањето доставени се докази на кои се заснова барањето.

Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 06.11.2024 година по разгледување на Барањето, доказите и Извештајот на Комисијата на известители , ја утврди следната фактичка состојба:

Од наводите во предметното барање бр. од 19.03.2024 година според подносителот на ден 02.05.2023 година донесено е решение на ОГС С. ТС1.бр. од 02.05.2023 година со кое се уважува предлогот за дозволување на привремена мерка и се забранува располагање со парични средства од 74.173.172,00 денари од сметките на противникот Т.Д. К. ДООЕЛ увоз- извоз И., а по вложена жалба од противникот АС С. донел решение ТСЖ.бр. од 12.07.2023 година со која ја одбил жалбата како неоснована и го потврдил решението на Основен граѓански суд Скопје. Со ваквото одлучување судиите засновале одлука врз основа на лажен доказ и докази за кои знаеле дека се лажни и не можеле да не знаат дека се лажни предвид дека во претходното одлучување од страна на истите судии било констатирано дека не се исполнети условите за дозволување на привремена мерка и констатирано дека се лажни докази и за сето тоа е известен судот и во предметната постапка.

Имајќи го во предвид наведеното од страна на подносителот бил доставен предлог за укинување на привремената мерка во кој повторно се назначени сите докази кои се основа за дозволувањена привремената мерка од кои се гледа дека се суди врз основа на лажни докази.

Од страна на првостепениот суд е донесено решение ТС1.бр. од 05.10.2023 година со кое се укинува привремената мерка.

АС С. по жалба на тужителот донел решение ТСЖ.бр. од 07.11.2023 година со кое жалбата се уважува, се укинува првостепеното решение и предметот се враќа на повторно одлучување, за потоа на ден 04.12.2023 година првостепениот суд да донесе решение ТС1.бр. со кое предлогот за укинување на привремена мерка се одбива како неоснован, а по поднесена жалба АС С. на ден 26.01.2024 година носи решение ТСЖ.бр. со кое го потврдува првостепеното решение со што и покрај повторното укажување за лажните докази кои претставуваат основа за донесување на времена мерка оставена е во сила времената мерка издадена со решение ТС1.бр. од 02.05.2023 година. Судот за издавање на привремената мерка според подносителот се раководел од два докази и тоа: по однос на веројатноста на побарувањето констатира дека произлегува од извршено вештачење СВ.бр. на Бирото за судски вештачења (а тужениот исто така има две вештачења согласно кои е доверител), а по однос на опасноста од осуетување на наплатата на побарувањето, судот истата ја дозволува врз основа на констатацијата дека противникот се обидува да ја отежне наплатата на побарувањето со тоа што недвижниот имот од ИЛ бр. КО И. Вон град

има намера да го отуѓи согласно објавениот оглас на Пазар 3.mk од 22.03.2022година, а пак од доставениот биланс добивката која ја остварил била многу мала за да може од неа да се наплатува побарувањето на тужителот. Со ваквото постапување од страна на судот нанесена му е штета во износ од 74.173.172,00 денари и на противникот му е отежнато работењето и секојдневно трпи штетни последици од донесената привремена мерка која штета сеуште трае и се зголемува.

За сето наведено подносителот дава детално образложение по однос на хронолошките случувања во постапката по одлучување на привремената мерка.

Според подносителот со донесено решение на АС С. се нарушува член 13 од Закон за судовите од причина што судијата Р.Г. учествувала во постапката по 1ВПП2 бр. на ОГС С. и увидела дека се бара дозволување на привремена мерка врз основа на лажна состојба односно лажни докази и дека не постои побарување на тужителот.

Имено, во постапката 1ВПП2.бр. на ОГС С. тужителот се повикувал на оглас од Пазар 3 дека противникот Т.Д. К. ДООЕЛ увоз- извоз И. наводно сакал да го отуѓи својот имот, но противникот пред да го добие предлог за дозволување на привремена мерка на ден 31.03.2022 година увидел дека има лажен оглас и веднаш пријавил дека огласот е лажен и дека објектот не е на продажба, и дополнително побарал веднаш да се отстрани огласот. Ваквиот настан е пријавен и во МВР на РСМ на ден 01.04.2022 година пред воопшто да знае противникот за постоење на предлог за дозволување на привремена мерка со оглед да предлогот за привремена мерка противникот го добил на ден 06.04.2022 година. Откако е одбиен предлогот за дозволување на привремена мерка од страна на судот, противникот Т.Д. К. ДООЕЛ увоз- извоз И. дополнително пријавил дека огласот за кој претходно е пријавено дека е лажен се користи како доказ за да се издејствува од судот одлука спротивна на фактичката состојба. Во пријавата до МВР се бара да се открие сторителот за да се поведе постапка против него од страна на К. И во решението ВПП2.бр. на ОГС С., а и одлуката на АС С., ТСЖ.бр. од 26.04.2022 година , од страна на АС е констатирано и земено за утврдено дека огласот е лажен и противникот не го има објавено туку е жртва на кривично дело, дотолку повеќе што и во предметната постапка подносителот укажал на постоењето на претходни одлуки од судот и истите ги доставил во прилог во неколку наврати, а укажал на оваа ситуација уште со одговор на предлогот за привремена мерка, а дополнително и со жалбата и доставил одлуки како пресудена работа.

Се наведува дека во два други предмети на ОГС каде се барало дозволување на привремена мерка на истите околности овие привремени мерки се одбиени како неосновани, нема никакво образложение за донесното решение со кое се прави штета.

Првостепените одлуки ТС.бр. и ТС1.бр. се потврдени и од АС С. со одлуките ТСЖ.бр. и ТСЖ.бр. Од овие одлуки судијата НСД одлучувала во предметот ТСЖ.бр. согласно која одлука нема докази за променети околности по однос на веројатноста

на побарувањето и опасноста од осуетување на побарувањето кои би довеле до укинување на привремената мерка.

Дополнително, овде е издадена привремена мерка без да има главно тужбено барање во парница која е веќе покрената кое нешто е недозволиво, противникот не дал согласност за зголемување на тужбено барање и судот воопшто не одлучувал на оваа околност, па за поднсоителот е нејасно што оваа привремена мерка обезбедува кога нема тужбено барање.

На овој начин судот го ускратил правото на тужениот предвидено во член 1 став 6 од ЗПП, и покрај барањето на тужениот судот да одлучи дали ќе има ново тужбено барање за кое потребно да се даде дополнителен одговор на тужба, следствено на тоа и да се знае за постапувањето во иднина и правата кои следат.

На овој начин судот повеќе од две години воопшто не одлучува по однос на преиначувањето за кое нема согласност од тужениот, а нема променети состојби од претходно пред поднесување на тужбата. Судот дозволил привремена мерка без да има тужбено барање па основано се поставува прашањето како може судот да обезбедува нешто за кое нема тужба, а притоа со прифаќање на предлогот за привремена мерка се прејудицира преиначувањето на тужбеното барање .

Исто така, по однос на веројатноста на побарување од страна на противникот е доставен вешт наод и мислење со кои се врши пресек на сработеното односно на степенот на исполнетост на договорот и се констатира дека противникот е всушност доверител и има ненаплатени побарувања. Судот го изведува како доказ вештиот наод и мислење на тужениот цитиран во записник и притоа без да има супервештачење согласно со член 246 од ЗПП, спротивно на наведениот член прифаќа само вешт наод и мислење на тужителот и поради тоа констатира побарување.

Дополнителна повреда која е направена од страна на судиите е околноста дека ниту еден доказ на тужениот не е земен како релевантен или одлучувачки иако најголем дел од доказите се во форма на јавни исправи и со признанија на тужителот.

Сите докази се доставени во предметот и на ден 06.04.2023 година од страна на противникот истите повторно се доставени, но од страна на судот ниту еден доказ не е цитиран, образложен и на ниту еден начин не се дава образложение по однос на доказите. На овој начин судиите спротивно на ЗПП, во услови на предложени докази ги игнорираат доказите кои се доставени и спротивно на ЗПП и ЗОП констатираат дека предлагачот има веројатност на побарување, а не констатираат дека противникот има записник за признавање на долг, има вешт наод и мислење од кој се согледува дека има повеќе сработено од фактурирано, известување од надзор на самиот предлагач дека е постапено од страна на противникот како што е барано односно има писмено признание и од сопственикот на наводниот доверител односно тужител, сопственикот има пристапување кон долг, и тужителот е повикан писмено да ги преземе материјалите и опремата откако е исплатен долгот на кое нешто

тужителот одбива и тоа судот го прикрива и констатура дека опремата е кај тужениот. Нормално дека опремата е кај тужениот бидејќи ако се прочита договорот предмет на тужбата  ќе се види дека објектот е прекинат на барање на тужителот, а надзорот на самиот тужител има констатирано дека опремата е во магацин кај тужениот на барање на тужителот бидејќи тоа е во 2017 година пред да се нарушат односите.

За горенаведеното  судијата ЈАБ знаела дека е тоа така бидејќи истата учествувала во одлучување по однос на законитост на договорот склучен помеѓу истите страни во постапката ТСЖ.бр. на АС С. која јасно ги означува како законити јавните исправи за кои сега се прават дека не постојат.

Дополнително, со поднесокот од 06.04.2023 година доставен до судот од страна на противникот  доставен е и биланс на состојба и успех од кој се гледа дека за деловната 2022 година, добивката на противникот е приближно 7.000.000,00 евра па се поставува прашањето како констатитале судиите дека добивката на противникот е мала и недоволна за намирување на побарувањето кога истата е три пати поголема од вкупната вредност на тужбата. Судиите земаат за веројатно побарување кое е признаено од сопственикот и самиот сопственик има пристапено кон долг за кое нешто составена е солемнизација со воспоставено заложно право и покрај постоечката обврска има обврска од над 2 милони евра кои ги должи и кои преземал сбврска да ги исплати бидејќи договорот е во вредност од 5 милини евра, а не два милиони евра како што тоа се претставува.

Поврзаноста на намерата на судиите во оштетување на противникот е во корелација и со постапувањето на првостепениот судија во постапката ТС1.бр. заведена пред ОГС С. како постапка за обезбедување на докази кон постапката ТС1.бр. Во оваа постапка за обезбедување на докази евидентирана под ТС1.бр. на ден 26.08.2022 година е излезено на увид на лице место при што судот го прекинал одржувањето на рочиштето и не се изготвил записник согласно член 261 од ЗПП за обезбедувањето на доказот.

Дека е нарушена правната сигурност според подносителот е фактот што судиите дозволиле привремена мерка за наплатено побарување врз основа на извршна исправа која е во сила. На таа извршна исправа тужителот имал покренато постапка за ништовност која потврдила законитост на договорот и сега судот на тужениот му изрекува привремена мерка за наплата на долг за кој има извршна исправа и за кој има признание од сопственикот на тужителот и дополнително самиот си има пристапено кон долгот до целосна исплата на целиот договор. Произлегува дека судот дозволил да се спроведе извршна постапка во време на изршување во која за секое правно прашање има одлука од судот, за сега да издаде привремена мерка заради правење штета.

Според подносителот намерата за штета може да се види и од тоа што судиите на АС С. на ден 12.07.2023 година жалбата на тужениот К. ја одбиле како неоснована со Решение ТСЖ.бр. Поради ова подносителот поднел предлог за укинување на

привремената мерка и поднел барање за поведување на постапка за утврдување одговорност на судијата на ОГС С., М.С.М. заведено во Советот под бр. кое е поднесено на 06.09.2023 година. Фактот дека на 18.01.2024 година судијата М.С.М. дава одговор на барањето во постапката за утврдување на одговорност пред Судскиот совет, а на ден 26.01.2024 година судиите на АС С. одлучуваат по предметот ТСЖ.бр. по жалба на тужениот каде на страна 2 укажуваат дека ОГС С. постапувал по напатствијата на АС С., а понатаму е наведено дека основаноста на привремената мерка не произлегуваа од огласот на Пазар 3.мк.

Ваквото нешто не е точно бидејќи судијата ЈАБ како претседател на совет во постапката ТСЖ.бр. со донесената одлука од 12.07.2022 година овој факт го направи пресудена работа, за сега да се наведува дека не бил одлучувачки тој доказ. Истиот судија претходно одлучил поинаку по однос на оваа околност. Ако се види жалбата на подносителот за привремената мерка може да се види дека во донесената одлука од АС С. нема одговор на ниту еден жалбен навод како од процесен така и од материјален аспект.

Дополнително намерата се согледува и во постапувањето на истите судии во постапката ТСЖ.бр. на АС С. каде е донесена одлука во услови кога се бара ништовност на измислена околност. Оваа одлука е донесена на ден 23.02.2024 година по истекот на законскиот рок за носење на одлука но е донесена веднаш откако е одржано рочиштето во Советот во постапката за утврдување на одговорност на судијата М.С.М. и откако во истиот предмет е најавена претставката и за овие судии.

На овој начин подносителот наоѓа дека судиите нестручно и несовесно ја вршеле судиската функција кога сториле повреда “намерно и неоправдано направена крупна професионална грешка при што различно толкување на правото и фактите неможе да претставува основ за утврдување на одговорност на судијата “ според член 76 став 1 алинеја 7 од Законот за судовите па се предлага Судскиот совет да донесе одлука согласно член 74 став 1 алинеја 2 со основано сомнение за извршено кривично дело злоупотреба на службена положба и овластување и нанесена штета на подносителот на барањето.

Од изјавите на судиите Ј.А.Б., Р.Г. и Н.С.Д. дадени во писмен одговор на предметното барање и усно дадени на расправата одржана на ден 15.10.2024 година, со поднесеното барање се изразува незадоволство од донесена судска одлука.

Имено, советот во состав од судиите Ј.А.Б., Р.Г. и Н.С.Д. одлучувале во постапка по жалба пред АС С. по предметите ТСЖ.бр. и ТСЖ.бр. Во однос на причините поради кои со решението на АС С., ТСЖ.бр. од 07.11.2023 година се укинува решението на првостепениот суд ТС1.бр. од 05.10.2023 година се поради тоа што првостепениот суд со решение укинал правосилно судско решение за привремена мерка и тоа вон рочиште, а со тоа му го ускратил правото на тужителот како предлагач на привремена мерка да предлага докази и да истакне наводи во однос на изјавениот предлог на тужен-противник со што била сторена суштествена

повреда на член 343 став 2  т. 7 од ЗПП. Во својата одлука јасно е наведено дека основаноста на привремената мерка која била издадена, а чие укинување подносителот барал не произлегува од огласот на Пазар 3.мк  за продажба на објект на тужен, туку дека опремата која што е наплатена во извршна постапка од страна на сега подносителот, тужен по наводно изведени ситуации кое нешто е поткрепено со вешт наод и мислење,  не е инсталирана. Привремената мерка била издадена бидејќи од доказите на предметот произлегува дека добивката која ја остварил тужениот во 2021 година е премногу мала за да може од неа да се наплати  побарувањето на тужителот, а средствата кои тужениот ги имал на сметка се токму средства што подносителот на барањето неосновано ги наплатил преку извршител од тужителот . Во однос на тоа дали од веб страната на Пазар 3.мк огласот за продажба бил повлечен или не како и емаил комуникациите на тужениот и Пазар 3.мк и пријави до МВР се без никакво влијание за изречената привремена мерка.

Предмет на оценка на советот од тројцата судии при донесување на решението ТСЖ.бр. од 26.01.2024 година било дали се исполнети законските услови од член 41 од ЗОП. Во писмено изготвеното решение судиите дале образложение за донесената одлука во конкретниот случај со претходно веќе издадена привремена мерка со решение на првостепениот суд потврдена од повисок суд,  со кое на странката воопшто не може да и биде нанесена било каква штета.  Со оглед да судската постапка по главната тужба сеуште е во тек и не е завршена ниту со првостепената пресуда според судиите со вака поднесеното барање сметаат дека подносителот има една единствена цел да изврши притисок и влијание врз судиите за да се прејудицира исходот на главната работа бидејќи основот на тужбеното барање е стекнување без основ.

Во однос на постапката за издавање на привремена мерка според судиите пред истата да биде издадена од првостепениот суд од страна на тужениот во таа постапка не била доставена завршната сметка за 2022 година, туку таа за прв пат е доставена во жалбата изјавена од тужениот и тоа јасно го укажува самиот жалител дека тој доказ за прв пат го доставува во жалбата, но согласно ЗПП забрането е во жалбена постапка да се изведуваат нови докази кои не ги ценел првостепениот суд, а во конкретниот случај, второстепениот суд имајќи го во предвид  своето решение од 07.11.2023 година, ценел дека истиот не е од релевантно значење за донесување поинаква одлука. Во однос на предоченото дека барателот трпи штета од издадената привремена мерка, што е спротивно на изнесеното во барањето бидејќи на страна  7 самиот кажува дека во 2023 година откако веќе е издадена привремената мерка тој остварил добивка од 7.000.000,00 евра, па ако се има во предвид дека и во 2022 година остварил иста добивка неспорно произлегува дека задржаниот износ со издадената привремена мерка за кој во тек е судска постапка преставува помалку од

10 % од остварената добивка, односно се потврдува дека со издадената времена мерка барателот не трпи никаква штета. Еден од условите за издавање на привремена мерка е и оценката на околноста дали должникот во случајов барателот од издадената привремена мерка ќе претрпи штета или штетата ќе биде незначителна, во кој случај не се испитува опасноста од осуетување на барањето. Во однос на доказот од Пазар 3.мк за кој наведува дека е лажен доказ, неспорно е дека имало објава на продажбата на веб страната Пазар 3.мк и неспорно е дека тоа е сторено, но барателот доставува докази дека тоа било сторено преку провајдерот Холандија кој дава услуги на ВПН провајдер, па тука се поставува прашањето со кој доказ е утврдено дека тужениот т.е барателот не бил тој кој преку користење на услуги на ВПН провајдер ја објавил продажбата. Оттука користењето на лажен доказ е несоодветно применет во оваа постапка, бидејќи констатациите изнесени во кривичната пријава и во известување од МВР не заменуваат судска одлука а по однос на ова прашање не постои судска одлука со која неспорно е утврдено дека друг а не барателот е тој што го објавил огласот.

Според судиите предмет на испитување на одговорност е постапувањето по предметот ТСЖ.бр. и одлуката донесена на 26.01.2024 година каде постапката по главната работа сеуште е во тек и тоа што во оваа постапка се испитува фактичка состојба, тоа може да има влијание и во постапката по однос на главната работа која се претпоставува е и целта на подносителот на барањето. Во таа насока Советот нема мандат да анализира фактичка состојба и нема мандат да цени за толкувањето на фактите и толкувањето на правото од страна на судиите при донесувањето на својата одлука, бидејќи во спротивно мандатот на Судски совет би се претворил во повисок судски орган во редовна судска постапка.

Од изведените предложени докази кон барањето, се утврди дека предметот на ОГС С., ТС.бр. оформен по главното тужбеното барање за стекнување без основ е во фаза на закажано рочиште за главна расправа за ден 14.02.2025 година.

ОГС С. постапувајќи по предлог за издавање на привремена мерка на тужителот - предлагачот ДГ Б.Г.К. ДООЕЛ С. донел решение ТС1.бр. од 02.05.2023 година со кое предлогот го усвојува и му се забранува на тужениот - противникот ТД К. да располага со парични средства во износ 74.173.172,00 денари на неговите сметки во Н. Банка АД Скопје и Х. Банка АД Скопје. Оваа привремена мерка ќе трае до правосилно завршување на постапката која се води пред овој суд по тужба за стекнување без основ, вредност 2.042.535,00 евра.

АС С. со решениеТСЖ.бр. од 12.07.2023 година жалбата на тужениот ја одбил како неоснована, и го потврдил решението ОГС С., ТС1.бр. од 02.05.2023 година.

На ден 06.09.2023 година тужениот преку полномошник А.Д. адвокат до Скопје до ОГС С. поднел Предлог за укинување на привремената мерка против решението ТС1.бр. од 02.05.2023 година каде согласно член 41 од ЗОП предлага да се донесе решение предвид да околностите на кои е донесена привремената мерка не постојат и доставил докази : Оглас во Пазар 3, електронска комуникација, пријава - барање до МВР, одговор од МВР кои биле ценети од судот и дека се пресудена работа потврдена во бројни одлуки: ВПП2.бр., ТСЖ.бр., ТС1.бр., ТСЖ.бр., ТС1.бр. и ТСЖ.бр., биланс на успех и состојба од 2023 година за 2022 година, вешт наод и мислење од областа на машинството кој бил доставен од тужениот како и потврда на договор за пристапување кон долг со обезбедување на побарување под ОДУ.бр. склучен на 20.11.2020 година поради што ОГС С. донел решение ТС1.бр. од 05.10.2023 година со кое се укинува привремената мерка издадена со решение на судот ТС1.бр. од 02.05.2022 година и се укинуваат сите спроведени дејствија.

АС С. со решение ТСЖ.бр. од 07.11.2023 година жалбата на тужителот ја уважува, а решението на ОГС С. се укинува и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување.

ОГС С. постапувајќи по напатствијата на АС С., го донел решението ТС1.бр. од 04.12.2023 година со кое предлогот на тужениот за укинување на привремената мерка издадена со решение на судот ТС1.бр. од 02.05.2022 година се одбива како неоснован. По жалбата на тужениот АС С. со решение ТСЖ.бр. од 26.01.2024 година жалбата ја одбива како неоснована, а решението на ОГС С. се потврдува.

Предвид на вака утврдената фактичката состојба Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 06.11.2024 година најде дека нема основ за одговорност на судиите Ј.А.Б., Р.Г. и Н.С.Д., судии на АС С., па согласно членот 69 став 1 од Законот за Судскиот совет на РСМ се донесе одлука за запирање на постапката поради следното:

Подносителот на барањето повел постапка пред ОГС С. со предлог за укинување на привремената мерка против решението на ОГС С., ТС1.бр. од 02.05.2023 година изнесувајќи дека околностите за објавен оглас за продажба на недвижен имот на основа на кои е издадена привремена мерка не постојат.

ОГС С. постапувајќи по вака предлогот донел решение на 05.10.2023 година со кое ја укинал привремената мерка издадена со решение од 02.05.2023 година.

Во жалбената постапка од страна на АС С. во совет составен од судиите: Ј.А.Б., Р.Г. и Н.С.Д. – членови на советот, по жалбата на тужителот ДГ БГК С. предмет

на оценка било обжаленото решение на ОГС С., ТС1.бр. од 05.10.2023 година од аспект на неговата законитост и со решение ТСЖ.бр. од 07.11.2023 година жалбата била уважена, а решението на ОГС С., ТС1.бр. од 05.10.2023 година се укинува и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување. Ова по наоѓање на второстепениот суд поради утврдени суштествени повреди по член 343 став 2 точка 14 в.в член 371 од ЗПП, каде решенито било неразбирливо и нејасно, и за факти од кои се раководел судот. Во изреката на решението, првостепениот суд пропуштил да наведен по чиј предлог постапува и усвојува што ја прави изреката нејасна, а предлогот за укинување не го доставил до спротивната страна и на член 343 став 2 точка 7 од ЗПП, второстепениот суд му дал јасни напатствија на понискиот суд за повторно постапување, откако ќе ги отстрани суштествените повреди да испита дали се исполнети законските претпоставки од член 41 од ЗОП. Во однос на доказот за лажно објавен оглас на Пазар 3, при донесувањето на одлуката второстепениот суд утврдил и укажал дека не е релевантен и не е единствен доказ на кој е заснована одлуката за издавање на привремената мерка.

Понатаму, второстепениот суд укажал дека при одлучувањето по однос на предогот за укинување на привремената мерка не може спротивно на својата одлука и поинакво толкување да дадат на правото и на фактите од тоа што еднаш веќе го одлучиле во однос на решението на ОГС С., ТС1.бр. од 02.05.2023 година кое е потврдено од втростепениот суд со решение ТСЖ.бр. од 12.07.2023 година.

Од содржината на решението ТСЖ.бр. донесено во совет составен од судиите ЈАБ - претседател на советот, РГ и ПТ - членови на Советот, произлегува дека истото било донесено во согласност со одредбите од член 33 и 34 став 2 од ЗОП, каде првостепениот суд утврдил основаност на побарување врз основа на приложено вештачење, а вториот услов бил опасноста дека ќе се осуети - отежне остварувањето на побарувањето бидејќи од билансот на состојба на тужениот, судот утврдил дека добивката била мала за да се наплати.

При повторното постапување ОГС С. постапувајќи по напатствијата на второстепениот суд дадени со решението ТСЖ.бр. од 07.11.2023 година , на ден 04.12.2023 година донел решение ТС1.бр. со кое го одбива предлогот на подносителот за укинување на привремената мерка

Незадоволен од ова решение тужениот преку неговиот полномошник изјавил жалба, во образложението на која наведува дека не настапиле нови околности во смисла на член 41 од ЗОП за да се укине привремената мерка, туку наведува дека околностите врз основа на кои била издадена мерката не постојат па предлогот за

укинување бил доставен со цел да се отстрани правна последица на судска одлука заснована на лажни докази и наводи изнесени од страна на тужителот.

АС С. во совет од судиите Ј.А.Б., Р.Г. и Н.С.Д. – членови на советот по жалбата на тужениот донел решение ТСЖ.бр. од 26.01.2024 година со кое жалбата се одбива како неоснована, а решението на ОГС С., ТС1.бр. од 04.12.2023 година се потврдува. Во својата одлука судиите ја ценеле исполнетоста на условите од член 41 од ЗОП во однос на укинување на издаденото решение за привремена мерка и образложиле дека не се работи за променети околности кои наложуваат укинување на веќе издадено решение за привремена мерка кое е потврдено со решение на АС С. Во однос на жалбените наводи дека се прејудицира тужбеното барање и дека тужениот трпи штета а со оглед да на овие околности имал изјавено жалба против решението на ОГС С. од 02.05.2023 година и на кои жалбени наводи се произнел второстепениот суд, првостепеното решение станало правосилно и истите според судот неможат да се преоценат ниту пак да доведат до поинакво одлучување.

Согласно на член 41 од ЗОП , ако доверителот во определениот рок не поднел тужба, односно не повел друга постапка заради оправдување на привремената мерка, или времето за кое е определена привремената мерка поминало, судот по предлог на должникот ќе донесе решение со кое ќе ја запре постапката и ќе ги укине спроведените дејствија. По предлог на должникот судот ќе ја запре постапката и ќе ги укине спроведените дејствија, ако околностите поради кои е определена мерката подоцна се промениле, така што мерката повеќе не е потребна. Судот ќе ја запре постапката и ќе ги укине спроведените дејствија и во случаите наведени во членот 28 став (1) од овој закон.

Предвид наведеното а во смисла на одредбите од Законот за судовите, судиите одлучувале во рамки на своите надлежности предвиден во ЗПП и ги образложиле жалбените наводи за кои законот им дава право да ги ценат дали се или не се од суштинско значење.

Имено, судиите постапуваат и одлуките ги носат по слободно судиско убедување, како во одредбата од член 11 став 1 и 2 од Законот за судовите дека судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оценка на доказите и се забранува секаков облик на влијание врз независнота непристрасноста и самостојноста на судијата во вршење на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект.

Советот ги ценеше и останатите докази, но за истите најде дека се без влијание за поинакво одлучување по предметното барање .

Предвид на горенаведеното Советот утврди дека нема околности кои би укажувале на нестручно и несовесно вршење на судиската функција од страна на судиите Ј.А.Б., Р.Г. и Н.С.Д., судии на АС С. за намерно и неоправдано направена крупна професионална грешка при што различно толкување на правото и фактите неможе да претставува основ за утврдување на одговорност на судијата во смисла на член 76 став 1 алинеја 7 од Законот за судовите, поради што се одлучи како во изреката на ова решение.

Одлучено во Судскиот совет на Република Северна Македонија на ден 06.11.2024 година.

**Правна поука:** Против оваа решение судијата има право на жалба до Советот за одлучување по жалба при Врховниот суд на Република Северна Македонија во рок од осум дена од денот на приемот на истото.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Весна Дамева**

ДН:
-Судија
-Подносител на барањето
-Архива